РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY St's CYRIL AND METHODIUS - SKOPJE
FACULTY OF AGRICULTURAL SCIENCES AND FOOD

# НАОД И МИСЛЕЊЕ

| **НАРАЧАТЕЛ НА ВЕШТАЧЕЊЕТО** |
| --- |
| |
| **Датум на вештачење:** |
| **Вешто лице:** |

ТЕЛ: +389 2 3115277
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3115277
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Македонија
P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY St's CYRIL AND METHODIUS - SKOPJE
FACULTY OF AGRICULTURAL SCIENCES AND FOOD

Врз основа на барањето број 09-6/352, од годинa, од Адвокатско од , доставено до архивата на , за извршување увид на лице место и Изготвување на мислење за можна штета и причинител на истата, кај овошен насад од костен и лешник.

Предметот е примен на ден и за постапување по истиот е даден на , , лиценциран судски вештак.

**Н А О Д**

По разгледувањето на списите и анализа на документацијата од предметот:

1. Барање за мислење од вешто лице од областа на овоштарството;
2. Имотен лист;
3. Скица од парцелите;
4. Копија од лк. на Барателот
5. Фотографии доставени од Барателот

Врз основа на истата се констатира дека:

- Лицата се владетели на недвижен имот кој се наоѓа на КП бр. , култура 15000, класа 7, во површина од 3541 m², КП бр. , на место викано , култура 11000, класа 7, во површина од 4893 m², КП бр. , на место викано , култура 15000, класа 6, во површина од 4600 m², КП бр. , на место викано , култура 50000 1, во површина од 46 m², КП бр. , на место викано , култура 50000 2, во површина од 44 m², КП бр. , на место викано , култура 60000 3, во површина од 31 m², КП бр. на место викано , култура 60000 4, во површина од 54 m², КП бр. , на место викано , култура 60000 5, во површина од 28m², КП бр. , на место викано , култура 60000 6, во површина од 23 m², КП бр. , на место викано , култура 70000, во површина од 5486 m², КП бр. , на

ТЕЛ: +389 2 3115277
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3115277
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Македонија
P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY St's CYRIL AND METHODIUS - SKOPJE
FACULTY OF AGRICULTURAL SCIENCES AND FOOD

место викано , култура 16000, класа 6, во површина од 2563 m$^2$, запишани во Имотен лист бр за КО .

- Во насадите се фотографирани домашни животни (говеда и овци).

**У В И Д**

Врз основа на барање, а во консултација со овластениот преставник на тужениот, адвокат , на ден година се излезе на лице место. При увидот на лице место беа присутни и , овластен судски вештак од Земјоделство, , сосопственици на земјиштето. Лоцирање на катастарските парцели и површините засадени со овошки е направено врз основа на кажување од сопствениците ( ), бидејќи во денот на увид не е обезбеден геометар.

Увидот на лице место, и прибирањето на потребните податоци се направи од 13 до 15 часот истиот ден. При самиот увид се обезбедија материјални докази (фотографии) кои ќе бидат дадени во прилог на самото вештачење. Исто така со мерење се утврди растојанието на садење, дијаметарот на стеблото на висина од 20 cm, а исто така се процени и староста и кондицијата на овошките. Овие параметри се потребни при утврдување на староста на растенијата и можниот принос кој би го дале овошките.

Од увидот на лице место може да се дадат следните констатации:

1. На дел од посочените површини од имотниот лист има овошен насад од калемен костен (*Castanea sativa Mill.*), со растојание на садење од 5 x 6 m (333 овошки/ha).
- Со броење утврдив дека на површината има 28 садни места од кои 25 се витални овошки, а 3 овошки се непримени (суви).
- Една овошка е скршена близу спојното место (слика 1, 2), додека останатите овошки помалку или повеќе се со механичко оштетување на кората (слика 3).
- Освен една овошка, кај сите останати поголем дел од листовите и дел од младите леторасти се уништени (со неправилни форми слика 4, 5).
- Во моментот на увид се забележа повторно потерување на дел од папките (слика 6, 7). Оваа појава нормално се случува напролет, или доколку лисната маса е уништена тогаш се случува и во текот на летото.

ТЕЛ: +389 2 3115277
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3115277
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Македонија
P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY St's CYRIL AND METHODIUS - SKOPJE
FACULTY OF AGRICULTURAL SCIENCES AND FOOD

- Просечен дијаметар на стеблото на 20 cm висина изнесува d=16-18 mm.
- Во насадот е поставен систем за наводнување со капалки (слика 8), а се применувани потребните агро и помотехнички мерки.
- Врз основа на дијаметар на стебло и работно искуство

  овошките се наогаат во прва вегетација, односно се засадени во садна сезона есен/пролет година.
- Во насадот се присутни траги (стапалки и фецес), (слика 9, 10, 11, 12) од разни животни ( ).

2. На јужниот дел од истата нива има засадено овошен насад од лешник (*Corylus avellana* L.), (слика 13, 14), со растојание на садење од 3.5 x 4 m (714 овошки/ha).

- Со броење утврдив дека на површината има 250 овошки, од кои 50 не потерани.
- Просечен дијаметар на стеблото на 20 cm висина изнесува d=12 mm.
- Кај дел од овошки се констатира мало механичко оштетување на кората (слика 15).
- Во насадот е поставен систем за наводнување со капалки (слика 8), а се применувани потребните агро и помотехнички мерки.
- Врз основа на дијаметар на стебло и работното искуство се констатира дека овошките се наогаат во прва вегетација, односно се засадени во садна сезона есен/пролет 2016/17 година.
- Во насадот се присутни траги (стапалки и фецес) од разни животни ( ).

Врз основа на доставената документација, направениот увид на лице место и собраните податоци го давам следното

**М И С Л Е Њ Е**

1. *Какви посеви/насади се засадени на погоре опишаниот недвижен имот, со појаснување на кој дел од недвижниот имот се засадени, во кој период се засадени, во која површина се засадени, во колкав број се засадени, со која големина, за какви сорти станува збор и други карактеристики на посевите/насадите?*

ТЕЛ: +389 2 3115277
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3115277
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Македонија
P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk

На дел од посочените површини има овошен насад од калемен костен (*Castanea sativa Mill.*), со растојание на садење од 5 x 6 m (333 овошки/ha). На втората половина од парцелата има овошен насад од лешник (*Corylus avellana* L.), со растојание на садење од 3.5 x 4 m (714 овошки/ha).

Со броење утврдив дека костен има 28 садни места од кои 25 се витални овошки, а 3 овошки се  непримени (суви). Бројот на засадените овошки од лешник изнесува 250 од кои 50 се не примени (суви).

Површината засадена под калемен костен е 840 $m^2$, додека  лешникот  е засаден на 3500 $m^2$ .

Просечен дијаметар на стеблото кај овошните растенија од костен, на висина од 20 cm изнесува d=16 mm, додека кај садниците од лешник изнесува  d=12 mm.

Врз основа на увидот, димензијата и развиеноста на овошките и доставената документација, може да се констатира дека овошките се наоѓаат во прва вегетација, односно се засадени во садна сезона есен/пролет 2016/17 година.

2. *Дали на погореопишаниот недвижен имот на кој се засадени посевите/насадите, постојат видливи траги од пристап на стадо, Со појаснување за какво стадо станува збор, и во кој дел од недвижниот имот се видливи таквите траги?*

При увидот на лице мест, во насадите  од костен и лешник пронајдени се траги (стапалки и фецес) од разни животни (говеда, овци-кози, коњи и свињи). При самиот увид, во непосредна близина на самиот насад се забележаа неколку домашни свињи (слика 17, 18). Исто така малку подалеку од насадот се забележа и коњ (слика 16).

3. *Дали со навлегувањето на стадото на погореопишаниот недвижен имот е причинета штета на посевите/насдаите, со појаснување дали посевите/насадите се уништени во целост или делумно, и со какви дејствија стадото ја предизвикало таквата штета (со брстење, газење, риење, триење и сл.)?*

При увидот, во овошниот насад од калемен костен една овошка е скршена близу спојното место (слика 1, 2), која доколку потера ке биде од подлогата (дива), па затоа неопходно е истата да се пресади.

Кај останатите овошки помалку или повеќе се со механичко оштетување на кората (слика 3).

Освен една овошка, кај сите останати поголем дел од листовите и дел од младите леторасти се уништени (со неправилни форми слика 4, 5).

Во моментот на увид се забележа повторно потерување на дел од папките (слика 6, 7). Оваа појава нормално се случува напролет, или доколку лисната маса е уништена тогаш се случува и во текот на летото. Во вакви случаеви овошките заостануваат со порас и плододавањето е задоцнето.

Во насадот од лешник, кај дел од овошки се констатира мало механичко оштетување на кората (слика 15).

4. *Доколку сметате дека е потребно, произнесете се и за други околности кои не се дел од ова барање а се неопходни за да се констатира фактичката состојба на лице место во однос на начинот на причинување на штетата?*

Врз основа на документацијата од предметот, увидот на лице место и прибавените податоци може да се каже дека:

Во насадите од костен и лешник, и околите парцели присутни се траги од разни животни (свињи, говеда, овци-кози и коњи), а врз дел од овошките помали или поголеми оштетувања на стеблото и кората. Кај овошките од костен има изгризување на дел од листови и леторасти. Сето ова влијае на успорување на порастот на дастенијата и го задоцнува плододавањето на овошките.

Исто така согласно барањето, изјавувам дека не сум во роднинска врска со барателот на вештачењето и не постојат било какви причини кои би ја довеле во прашање непристрасноста и објективноста на ова вештачење.

Скопје,

___________________________ ________________________________

ТЕЛ: +389 2 3115277
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3115277
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Македонија
P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk